# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Буџетот на Општина Аеродром е изготвен во согласност со Насоките за изготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа (буџетски циркулар) доставени од страна на Министерството за финансии на РСМ со наш бр.23-8019/1 од 04.10.2022 година и бр.25-9986/1 од 07.12.2022 година, во кои се содржани главните насоки за изготвување на општинскиот буџет за 2023 година.

Буџетската пресметка ја планира и одобрува градоначалникот на Општината врз основа на:

- примарниот обем на изворни приходи и други приливи за финансирање на локалните работи од јавно значење;
- инвестиционите програми на општината;
- предлозите од граѓаните кои живеат на подрачјето на општината;
- предлозите на стопанските субјекти кои имаат седиште на подрачјето на општината;
- интересот на граѓаните и стопанските субјекти за сопствените и заедничките потреби и развојот на општината;
- проекциите за активностите кои се планираат да се извршат во 2023 година, дадени од страна на секторите и одделенијата во Општина Аеродром.

За подобро запознавање со одредени поими во врска со буџетите на локалната самоуправа и самиот процес на буџетирање, следува опис на дел од нив:

- **Општина** е единица на локална самоуправа, како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон;

- **Надлежност на општината** е збир на работи од јавен интерес од локално значење кои општината, во согласност со закон, има право да ги врши на своето подрачје и е одговорна за нивното извршување;

- **Буџет на општините** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности;

- **Основен буџет** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на буџетските корисници;

- **Буџет на донации** е годишен план на приходите од донации и одобрените средства кои се користат строго наменски и согласно со договор склучен со донаторот;

- **Буџет на дотации** е годишен план на приходите од дотации и одобрените средства кои се користат за финансирање на надлежностите на општината, за финансирање конкретна намена, надлежност, програми и инвестициони проекти;

- **Буџет на самофинансирачки активности** е годишен план на приходите од активностите на буџетските корисници, односно единките корисници кои се дополнителни на основните активности дефинирани со закон и на одобрените средства;

Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година е дефиниран како годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства во кој се вклучени Основниот буџет, Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на блок дотации, Буџетот на кредити (домашно долгорочно задолжување) и Буџетот на донации.

Имајќи ја во предвид наведената дефиниција за процесот на буџетирање со Буџетот на Општина Аеродром се врши распоредување на изворите на финансирање наспроти низата потреби и побарувања. Меѓутоа, со буџетот за 2023 година се задоволуваат и теоретските постулати на процесот на буџетирање, а пред сè:

- Остварувањето на основните функции на органите на општината;
- Процесот на буџетирање да претставува начин на управување со локалниот економски развој;
- Процесот на буџетирање да претставува начин за утврдување на приоритетите;
- Процесот на буџетирање да претставува начин на контрола на наменското користење на средствата на корисниците одобрени во Буџетот на Општината.

Изготвувањето на Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година е во согласност со воведувањето на развојниот дел на буџетот, поточно средноročниот (тригодишен) план на програмите за развој, промените настанати во програмската класификација, како и изготвувањето на буџетот за наредните три години.

Во апликацијата за изработка на општинскиот буџет е воведено поглавието за планирање на развојните програми со тригодишно планирање на приходите и расходите, кои по усвојувањето од страна на општинските совети стануваат составен дел од општинските буџети.

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на планираните развојни активности за секоја фискална година одделно.

Овие активности, одделно се внесуваат во посебните обрасци В1 во кои за секоја од нив детално се опишуваат: надлежноста, програмата, потпрограмата, целта на развојната програма, активностите кои се планираат, очекуваните резултати и ефекти, ризици и претпоставки, датум на отпочнување и завршување на проектот, како и финансиска конструкција на истите.

Прибраните податоци се сублимираат и истите се доставуваат до советот на општината на усвојување. По усвојувањето развојните програми стануваат составен дел на Предлог буџетот на општината, во рамките на развојниот дел.

Согласно Законот за буџети и Законот за финансирање на ЕЛС, буџетите на единиците на локална самоуправа се со следната структура:

- Општ дел – ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на буџетот за фискалната година, како и глобалните проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години, вклучувајќи го и планираниот дефицит;
- Посебен дел – содржи план на одобрени средства по програми, потпрограми и ставки за фискалната година и
- Развоен дел – ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти. Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочни планови за програмите за развој, наменети за развојни инвестиции одобрени од советот на општината.

Со последната промена настаната кај програмската класификација, се користи новиот начин на воведување на програми и потпрограми во општинските буџети.

Во делот на подготовката на општинските буџети се користат и табели за втор и трет буџет со соодветни биланси за приходи и расходи.

## АНАЛИЗА НА РАСХОДИТЕ НА ОПШТИНАТА ПО НАМЕНА

Во Буџетот на Општина Аеродром сите потпрограми добиваат свој функционален код, односно функционална ставка и потставка кои се однесуваат на одредена намена, со што се добива преглед на средствата со кои ќе бидат финансирани одредени функции на општината. Со функционалната класификација се добива и преглед на капиталните проекти кои ќе бидат финансирани од општината, односно делот на капитални расходи кои се однесуваат на финансирање на одредени капитални проекти.

Во следниот табеларен приказ се дадени основните функционални ставки, односно намените во кои се распоредени трошоците на општината.

| | |
|---|---|
| **701** | ОПШТИ ЈАВНИ СЛУЖБИ |
| **702** | ОДБРАНА |
| **704** | ЕКОНОМСКИ РАБОТИ |
| **705** | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА |
| **706** | ЖИВЕАЛИШТА И РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА |
| **708** | РЕКРЕАЦИЈА, КУЛТУРА И РЕЛИГИЈА |
| **709** | ОБРАЗОВАНИЕ |
| **710** | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА |

**Анализа на расходите по функции на Општина Аеродром**

Анализата на расходите по функции на Општина Аеродром покажува дека Буџетот за 2023 година по функционалната класификација, односно по намена, ќе биде распределен на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Општи јавни служби | 173.476.000 |
| 2 | Одбрана | 420.000 |
| 3 | Економски работи | 233.261.000 |
| 4 | Заштита на животната средина | 53.677.000 |
| 5 | Живеалишта и развој на заедницата | 99.263.000 |
| 6 | Рекреација, култура и религија | 44.860.000 |
| 7 | Педагошко и Основно образование | 797.013.000 |
| 8 | Социјална заштита | 112.515.000 |




Од табеларниот и графичкиот приказ може да се види дека дел од средствата на Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година во процентуален износ од 15,4% се планирани во економски работи, односно истите се планираат да бидат реализирани за економски раст на општината. Планирани се активности во врска со уредување на градежното земјиште, изградба и реконструкција на локални улици, одржување на локални улици, создавање на услови за изградба на објекти, одржување и изградба на простори за паркирање, сообраќајна сигнализација и слично.

Општина Аеродром е дел од општините кои се во втората фаза од фискалната децентрализација, со пренесени надлежности во дејноста на основното образование и социјалната заштита. За таа цел, за педагошко и основно образование наменети се 52,6% од вкупно планираните расходи на годишно ниво, а во делот на социјална заштита дополнителни 7,4% од кои најголем дел се наменети за капитални расходи за детски градинки односно изградба на детски градинки во општината, и програма родова еднаквост. Во

истите се вклучени средства од основниот буџет, средства од колона кредити, како и самофинансирачките активности на буџетските корисници.

За заштита на животната средина, односно за управување со отпадоците, изградба на системи за одведување на отпадните води, хортикултурно и партерно уредување на паркови и зеленило, одржување на парковите и зеленилото, блоковско зеленило, надзор на истите, опрема за специјализирани возила за јавна чистота, субвенции за велосипеди на граѓаните на општината, како и одржување на општинската јавна чистота се планира дел од 3,5% од Буџетот на Општината за 2023 година.

За финансирање на општите јавни служби во кои спаѓаат програмите Совет на Општината, Градоначалник, Месна самоуправа и Општинска администрација, се планираат средства со дел од 11,5% од вкупно планираните средства за 2023 година.

Планираните средства за делот на Рекреација, култура и спорт во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година, претставуваат дел од 3% од вкупно планираните средства за 2023 година.

За финансирање на Цивилна одбрана во кои спаѓа програмата Заштита и спасување на Општината, се планираат средства со дел од 0,03% од вкупно планираните средства за 2023 година.

За живеалишта и развој на заедницата, односно за изградба и одржување на јавно осветлување, системи за водоснабдување, урбанистичко планирање, поддршка на локален економски развој, други комунални услуги, како и изведба и одржување на урбана опрема, се планираат 6,55% од вкупните планирани средства.

***а) Општи јавни служби***

За делот на општите јавни служби, во 2023 година, планирани се средства во вкупен износ од 173.476.000 денари и истите се однесуваат на програмите Совет на Општината, Градоначалник, Месна самоуправа, Општинска администрација, како и Капитални расходи на општината.

***б) Одбрана***

За делот на заштита и спасување, во 2023 година, планирани се средства во вкупен износ од 420.000 денари, и истите се однесуваат на програмата Љ0 – Заштита и спасување на општината.

***в) Економски работи***

Економските работи во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година се распоредени на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Општи економски, комерц. и работи поврзани со трудот | 10.606.000 |
| 2 | Рударство, занаетчиство и градежништво | 122.235.000 |
| 3 | Транспорт | 100.420.000 |




Од вкупно планираните средства за економски работи, односно за уредување и капитални расходи за уредување на градежното земјиште, ќе бидат ангажирани 52,4% како средства за рударство, занаетчиство и градежништво.

Дел од 4,5% од вкупните економски работи, за општи економски, комерцијални и работи поврзани со трудот се планирани во надлежноста Локален економски развој, програма ГА – Изградба на објекти, и истите се наменети за ЕУ проектот - донација Clean Airodrom. Средствата за транспорт учествуваат со 43,1%, и истите се планирани за изградба и реконструкција на локални улици, одржување на локални улици и простори за паркирање, како и за изградба на сообраќајна сигнализација и сл.

### *г) Заштита на животна средина*

Вкупните планирани средства за заштита на животната средина во функционалната класификација на Општина Аеродром изнесуваат 53.677.000 денари, и во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година се распоредени на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Управување со отпадоците | 850.000 |
| 2 | Управување со отпадните води | 1.223.000 |
| 3 | Заштита на животна средина | 51.604.000 |

Истите се однесуваат на одржување на јавна чистота, употреба на специјализирани возила за јавна чистота, субвенции за велосипеди на граѓаните на општината, изградба на системи за одведување на отпадните води, блоковско зеленило, како и паркови и одржување на парковите и зеленилото во општината.

### *д) Живеалишта и развој на заедницата*

Средствата во вкупен износ од 99.263.000 денари, планирани за живеалишта и развој на заедницата се распоредени на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Развој на заедницата | 49.111.000 |
| 2 | Водоснабдување | 293.000 |
| 3 | Осветлување на улици | 45.549.000 |
| 4 | Други живеалишта и развој на заедницата | 4.310.000 |




За развој на заедницата, поточно за урбанистичко планирање, поддршка на локален економски развој, како и изведба и одржување на урбана опрема, се однесува дел од 49,5% од вкупните планирани средства за живеалишта и развој на заедницата. За системи за водоснабдување се однесуваат приближно 0,3%, додека за делот други живеалишта и развој на заедницата се однесуваат 4,3%. За изградба на нови линии на јавно осветлување и тековно одржување на јавното осветлување на улици на територија на општината, планирани се 45,9% од вкупните средства за живеалишта и развој на заедницата.

***ѓ) Рекреација, култура и религија***

Планираните средства за делот на Рекреација, култура и религија во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година се распоредени на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Спортски и рекреативни услуги | 40,050,000 |
| 2 | Услуги за култура | 4,810,000 |

Во делот на Спортски и рекреативни услуги, планираните средства се однесуваат на поддршка на општината до спортските клубови, здруженијата на граѓани во делот на спортот, како и училишниот спорт кај основните училишта на нејзина територија.

Кај делот Услуги за културата, планираните средства се однесуваат на поддршка на општината до здруженијата на граѓани во делот на културата, културни уметнички друштва, културни манифестации, проекти, изведба и надзор за поставување на спомен одбележја во општината, како и театарски претстави на територија на општина Аеродром.

### *е) Педагошко и Основно образование*

Планирани средства за педагошко и основно образование во функционалната класификација на Општина Аеродром, вкупно изнесуваат 797.013.000 денари и во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година се распоредени на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Основно образование | 414.261.000 |
| 2 | Капитални расходи за основно образование | 125.435.000 |
| 3 | Детски градинки | 257.317.000 |




Истите се однесуваат на пренесените надлежности на општината за основно образование и дел од социјалната заштита поточно на програмите Н1 – Основно образование, НА – Капитални расходи за основно образование, како и програмата В1 – Детски градинки. Со нив се опфатени платите и надоместоците на вработениот кадар, средствата за тековно одржување на објектите и одвивање на наставата, обезбедување на објектите, средства за планираните проекти, доградба, реконструкција и опремување на дел од објектите на основните училишта, униформи за учениците, како и дополнителните средства од општината наменети за загревање на објектите во основните училишта и детски градинки.

### *ж) Друга социјална заштита*

За делот на друга социјална заштита, во 2023 година, планирани се средства во вкупен износ од 112.515.000 денари, и истите се однесуваат на програмата Програмата ВА – Капитални расходи за детски градинки со износ од 110.965.000 денари во најголем дел наменети за изградба и доградба на детски градинки во општината преку развојна програма на општината, како и Програмата Х1 - Родова еднаквост, со износ од 1.550.000 денари.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ - ПРИХОДИ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Планираните извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Аеродром во Буџетот за 2023 година изнесуваат 1.514.485.000 денари.

Приходите на Буџетот на Општината за 2023 година се планирани согласно направената анализа на историските податоци и досегашниот тренд на наплата на разните групи на приходи, како и пресметките за очекуваните приходи од надоместокот за уредување на градежното земјиште, надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, даноците на имот, донациите, самофинансирачките активности и блок дотациите за основните училишта и детските градинки, средствата од кредити (домашно долгорочно задолжување), како и другите трансфери за 2023 година.

Се планира да се реализираат и средства од вишокот на приходи од претходните години во износ од 40.010.000 денари, како и средства од домашно долгорочно задолжување во износ од 330.000.000 денари што е прикажано како дефицитарно финансирање.

| | | |
|---|---|---|
| **71** | Даночни приходи | 467.330.000 |
| **72** | Неданочни приходи | 84.844.000 |
| **73** | Капитални приходи | 5.160.000 |
| **74** | Трансфери и донации | 627.151.000 |
| **75** | Домашно задолжување | 330.000.000 |
| | **Вкупно:** | **1.514.485.000** |

Од графичкиот приказ може да се заклучи дека значително учество во вкупните приходи од 30,9% имаат даночните приходи кои претставуваат и основа за финансирање на функциите на општината, неданочните приходи учествуваат со 5,6%, капиталните приходи учествуваат со 0,3%, со најголем дел од 41,4% учествуваат приходите од трансфери и донации (вклучително средствата од пренесениот вишок на приходи од претходната година), додека со дел од 21,8% учествуваат средствата од домашно задолжување.



***а) Даночни приходи***

Вкупните даночни приходи во 2023 година се планирани во износ од 467.330.000 денари, и истите се распоредени по видови на даночни приходи на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| **711** | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 26.210.000 |
| **713** | Даноци од имот | 118.000.000 |
| **717** | Даноци од специфични услуги | 323.020.000 |
| **718** | Такси за користење или дозволи за врш. на дејност | 100.000 |
| | **Вкупно:** | **467.330.000** |

Анализата на структурата на даночните приходи укажува на најголемо учество на приходите остварени од даноците на специфични услуги и тоа од 69,12%, кое особено се однесува на надоместокот за уредување на градежното земјиште, додека приходите од данокот на имот во вкупните даночни приходи учествуваат со приближно 25,2%. Останатиот дел од 5,6% отпаѓа на данокот на доход, од добивка и од капитални добивки, како и мал дел од околу 0,02% од такси за користење или дозволи за вршење на дејност.

***б) Неданочни приходи***

Структурата на неданочните приходи планирани во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година во вкупен износ од 84.844.000 денари е претставена во следната табела:

| | | |
|---|---|---|
| **722** | Глоби, судски и административни такси | 800.000 |
| **723** | Такси и надоместоци | 81.044.000 |
| **725** | Други неданочни приходи | 3.000.000 |
| | **Вкупно:** | **84.844.000** |

***в) Капитални приходи***

Капиталните приходи во вкупните планирани приходи во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година учествуваат со износ од 5.160.000 денари, а најголем дел од нив се однесуваат на приходите остварени од надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

***г) Трансфери и донации***

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите од странство во вкупниот Буџет на Општина Аеродром за 2023 година се застапени со износ од 627.151.000 денари. Во делот на трансфери од други нивоа на власт спаѓаат: трансферите од буџетите на фондовите, дотациите од приходи од ДДВ, донациите, блок дотациите наменети за основните училишта и детските градинки на територија на општината, како и средствата од вишокот на приходи од претходните години прикажани како дел од дефицитарно финансирање.

***д) Домашно задолжување***

Планираните средства од домашно долгорочно задолжување во вкупните планирани приходи во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година учествуваат со износ од 330.000.000 денари.

## ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Планирани расходи на Општина Аеродром за 2023 година вкупно изнесуваат 1.514.485.000 денари, со што се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Согласно економската класификација истите се утврдени по одделни намени и видови.

| | | |
|---|---|---|
| **40** | Плати и надоместоци | 572.340.000 |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 4.500.000 |
| **42** | Стоки и услуги | 355.616.000 |
| **46** | Субвенции и трансфери | 120.197.000 |
| **48** | Капитални расходи | 461.832.000 |
| | **Вкупно:** | **1.514.485.000** |




Во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година, со дел од 37,8% од вкупните расходи се обезбедени средства за плати и надоместоци за вработените во општината и месните заедници, градоначалникот на Општината, членовите на Советот на Општината, како и вработените во општинските буџетски корисници (основните училишта и детските градинки), кои по влезот на општината во втората фаза од фискалната децентрализација се финансираат преку блок дотации.

Во графичкиот приказ учеството на капиталните расходи во 2023 година изнесува 30,5% од вкупните расходи, со што се планира да се иницира изградбата на нова, реконструкција и одржување на постојната инфраструктура, како и подобрување на вкупните јавни услуги.

Во делот на расходите за стоки и услуги на кои отпаѓаат 23,5%, покрај тековните расходи за функционирање на општината и месните заедници, се содржани и расходите за комуналните услуги и тековното одржување кај основните училишта и детските градинки на територија на општината.

Останатите расходи се однесуваат на резерви и недефинирани расходи со 0,3% и расходи за субвенции и трансфери со 7,9% од вкупните расходи.

## ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно - оперативните и капиталните расходи.

Тековно – оперативните расходи планирани во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година се распределени на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| **40** | Плати и надоместоци | 572.340.000 |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 4.500.000 |
| **42** | Стоки и услуги | 355.616.000 |
| **46** | Субвенции и трансфери | 120.197.000 |
| | **Вкупно:** | **1.052.653.000** |




Значителен дел од вкупните тековно - оперативни расходи, поточно 33,8% од нив, се планирани за стоки и услуги со што се обезбедува редовно и непречено функционирање на општината и месните заедници, основните училишта и детските градинки на територија на општината.

Со пренесените надлежности во образованието и детската заштита и нивно финансирање преку блок дотации се зголемува и делот на вкупните расходи наменет за плати и надоместоци на вработените во општината и месните заедници, градоначалникот на општината, членовите на Советот на општината, како и вработените кај општинските буџетски корисници, кој претставува 54,4% од вкупните тековно - оперативни расходи за 2023 година.

Расходите кои се однесуваат на резервите и недефинираните расходи претставуваат 0,4% од вкупните тековно - оперативни расходи. Останатиот дел од околу 11,4% од вкупните тековно - оперативни расходи се однесува на расходите за субвенции и трансфери.

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Во најголем дел, капиталните расходи кои вкупно изнесуваат 461.832.000 денари, се однесуваат на изготвување и ревизија на потребните проекти, изградба и реконструкција на улици и патишта во општината, изградба на комунална инфраструктура, изградба на капацитети за водоснабдување, изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води, изградба на нови линии за јавно осветлување, набавка на опрема, набавка на канцелариски и училишен мебел и опрема, набавка на софтвер, надомест за одземен имот, изградба на училишни објекти, изградба на детски градинки и друго, како и надзор за истите.

| | | |
|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 31.011.000 |
| **482** | Други градежни објекти | 413.176.000 |
| **483** | Купување на мебел | 2.020.000 |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 13.325.000 |
| **486** | Купување на возила | 2.300.000 |
| | **Вкупно:** | **461.832.000** |




Во рамки на вкупните капитални расходи, најголемо учество имаат расходите планирани за делот на други градежни објекти т.е. 89,5%. Истите се однесуваат на подготовка и изработка на проекти и ревизија на истите, изведба на улици, капацитети за водоснабдување, изведба и реконструкција на други објекти, како и надзор над истите.

Планираните средства за купување на опрема и машини учествуваат со дел од 6,7%, во кои спаѓаат средствата планирани за набавка на разни видови урбана опрема, набавка на канцелариска опрема, набавка на информатичка опрема, кујнска опрема, опрема за греење и климатизација и друго.

Средствата за купување на возила, учествуваат со дел од 0,5% и целосно се однесуваат на колона донации, а средствата за купување на мебел, (во кои спаѓаат канцелариски, училишен и друг мебел), учествуваат со 0,4%.

Во делот на вложувања и нефинансиски средства, планирани се 2,9% од вкупните капитални расходи, и истите се однесуваат на надоместокот за одземен имот и набавка на компјутерски софтвер за општината.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

### СОВЕТ НА ОПШТИНА

Финансирањето на Советот на Општината се врши за реализација на следниве надлежности:

- Донесување на Буџет на Општината, Одлука за извршување на Буџетот на Општината и годишна сметка на Општината;
- Утврдување на висината на сопствените извори на приходи за финансирање на Општината во границите утврдени со закон;
- Основање јавни служби во рамките на надлежноста на Општината и вршење надзор над нивната работа;
- Именување членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа;
- Усвојување програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основала Општината;
- Усвојување на извештаите за извршување на Буџетот и годишната сметка на Општината;
- Давањето дозволи за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;
- Усвојување на извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби кои ги основала Општината;
- Активности поврзани со начинот на располагање со сопственоста на Општината;
- Активности поврзани со начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на Општината во согласност со закон;
- Избор на лице кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Општината во согласност со закон;
- Разгледување и усвојување на годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на Општината, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;
- Давање препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;
- Вршење на други работи утврдени со закон.

Работата на Советот на Општина Аеродром се финансира во износ од 27.680.000 денари за извршување на следните работи:

1. Надоместоци на советниците на Општината;
2. Трошоци што се директно поврзани со работата на Советот на Општината;
3. Трансфери до хуманитарни организации, здруженија на граѓани и други трансфери;
4. Постојана и тековна резерва која ја распределува Советот на Општината и друго.

## ГРАДОНАЧАЛНИК

Финансирањето на градоначалникот на Општината се врши за реализацијата на следниве надлежности:

- Претставување и застапување на општината;
- Контролирање на законитоста на прописите на Советот на Општината;
- Објавување на прописите на Советот на Општината во службеното гласило на Општината;
- Обезбедување на извршувањето на одлуките на Советот на Општината;
- Обезбедување на извршувањето на работите кои со закон и се делегирани на Општината;
- Иницирање и предлагање прописи од надлежност на Советот на Општината;
- Предлагање на годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на Општината;
- Извршување на Буџетот на Општината;
- Избирање директори на јавните служби кои ги основала Општината врз основа на јавен конкурс;
- Редовно известување на Советот на Општината за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот;
- Решавање управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица во согласност со закон;
- Донесување правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Раководење со општинската администрација;
- Носење одлуки за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација;
- Обезбедување правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината согласно законот и статутот;
- Вршење на други работи утврдени со закон и со статутот на општината.

Работата на Градоначалникот на Општина Аеродром се финансира во износ од 7.309.000 денари за извршување на следните работи:

- Трошоци што се директно поврзани со работата на градоначалникот и кабинетот на градоначалникот;
- Трошоци за Месна самоуправа;
- Плата и надоместоци за градоначалникот;
- Патни трошоци за градоначалникот;
- Трансфери до невладини и хуманитарни организации, здруженија на граѓани, трансфери при пензионирање на вработени и други трансфери.

## ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Средства кои се планираат за работата на општинската администрација се во износ од 138.487.000 денари и истите се распоредуваат за:

- Плати на вработените во општината и месните заедници,

- Тековно оперативни трошоци потребни за работењето на општината, вклучувајќи го и работењето на Советот, градоначалникот, како што се:
  а) Канцелариски материјали за потребите на општината и месните заедници;
  б) Телефонски сметки на општината;
  в) Тековни сметки на општината за потрошена електрична енергија, потрошена вода, загревање на просториите и други комунални услуги;
  г) Тековни поправки и одржување на капиталните средства на општината:
- Канцелариска опрема и мебел, софтвер, одржување на моторни возила;
- Одржување на згради и друго.

## УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Тековно-оперативните расходи за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови, изработка на архитектонско урбанистички проекти, урбанистички проекти, основни проекти за изградба и одржување, нумерички податоци и ажурирање на геодетски подлоги. Средствата во оваа потпрограма се планираат за финансирање на активностите согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градба и други прописи од надлежност на општината.

Во Буџетот се планираат средства за функциите во делот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот и истите се во износ од 129.835.000 денари. Во таа насока Советот ги донесува деталните урбанистички планови во согласност со кои ќе се преземаат активности на уредување на градежното земјиште со цел да се обезбедат подготовки за идните инвеститори.

Следниве капитални средства се планираат за уредување на градежното земјиште:
- Изведување на градежни и работни зафати, со цел да се обезбеди: пристап до јавен пат и поставување инсталација (водоводна; канализациона - фекална и атмосферска; електрична; друга инсталација со приклучоци до градежната парцела и надомест за одземен имот;
- Изведување на објекти на инфраструктурата, како што се: патишта; материјали потребни за изведба на водоводна, канализациона, фекална и атмосферска, електрична и друга инсталација итн.

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Локалниот економски развој ја одразува иницијативата на општината за овозможување подобар стандард на своите жители. За таа цел се финансираат:
- трошоци поврзани со подготовка на ЛЕР и ЛЕАП на општината;
- трошоци за ЕУ проектот - донација Clean Airodrom;
- трошоци поврзани со други стратешки документи на општината и сл.

Општина Аеродром планира вкупни средства во износ од 15.537.000 денари во надлежноста Локален економски развој, вклучително ЕУ проектот - донација Clean Airodrom.

## КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

За основните намени во комуналните дејности кои се надлежност на Општина Аеродром се планираат средства во износ од 226.879.000 денари.

Во рамките на комуналните дејности општината планира средства за одржување на урбаната опрема: клупи; корпи за отпадоци; чешми; фонтани и други инфраструктурни објекти.

Тековно-оперативните расходи за одржување и функционирање на системите на јавно осветлување во општината се планираат врз основа на приходите кои се добиваат од комуналната такса за јавно осветлување. Овие средства се користат за настанатите трошоци за електричната енергија што се користи за јавно осветлување, како и одржувањето на системите за јавно осветлување во општината.

Општината планира средства за подобрување на јавната чистота. Средствата ќе се користат за: изградба и одржување и заштита на локални патишта, одржување на улици во зимски услови; сезонски работници кои ќе помогнат во одржувањето на јавната чистота во општината; поправки на станбените улици; одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација. Средства се планираат за фекална и атмосферска канализација, локални патишта и улици и друга придружна инфраструктура, тротоари, пешачки патеки и др. Општината обезбедува средства за хидрантска мрежа, паркови и одржување на постоечките паркови, блоковско зеленило, како и обновување на зеленилото во општината. Одредени средства се планираат за одржување на спортските и на детски игралишта на целата територија на општината.

## КУЛТУРА

Во Буџетот на Општина Аеродром за делот на култура се планираат средства во износ од 4.810.000 денари. Поточно, овие средства се дел од Програмите К4 - Културни манифестации и творештво и КА – Капитални расходи во културата, и тоа за проекти, изведба и надзор за поставување на спомен одбележја во општината, поддршка на културно - уметнички манифестации, односно театарски претстави на територија на општина Аеродром, културни манифестации, културни уметнички друштва, како и поддршка на општината до здруженијата на граѓани во делот на културата.

## СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

За спорт и рекреација во Буџетот на Општина Аеродром се планираат средства во износ од 40.050.000 денари. Планираните средства се однесуваат на поддршка на општината до спортските клубови, здруженијата на граѓани во делот на спортот, како и училишниот спорт кај основните училишта на нејзина територија.

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Детските градинки како буџетски корисник на општината подготвуваат финансиски планови за своето работење на годишно, квартално и месечно ниво. Средства кои се планираат во Општина Аеродром за детските градинки на подрачјето на општината се во вкупен износ од 368.282.000 денари и истите се наменети за:

- Плати и надоместоци на вработените;
- Канцелариски и други матерјали за потребите на детските градинки;
- Тековни сметки на детските градинки за потрошена електрична енергија, потрошена вода, подигање на смет, комуникација, затоплување и други комунални услуги;
- Тековни поправки и одржување на објектите на детските градинки;
- Проект и ревизија, изградба на објекти, како и надзор над изведбата;
- Обезбедување на објектите на детските градинки и друго.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Основните училишта како буџетски корисник на општината подготвуваат финансиски планови за своето работење на годишно, квартално и месечно ниво. За основното образование, односно за осум основни училишта на подрачјето на Општина Аеродром се планираат 539.696.000 денари:

- Плати и надоместоци на вработените;
- Канцелариски и други матерјали за потребите на училиштата;
- Тековни трошоци на училишта за потрошена електрична енергија, потрошена вода, подигање на смет, комуникација, затоплување и други комунални услуги;
- Униформи;
- Тековни поправки и одржување на објектите на основните училишта;
- Набавка на училишен мебел;
- Поставување лифт за деца со посебни потреби во училишни објекти и надзор за истото,
- Набавка таблети;
- Проект и ревизија за доградба на училишни објекти, партерно уредување и осветлување на училишен објект, како и надзор над изведбата;
- Осигурување на училишните објекти;
- Обезбедување на училишните објекти и друго.

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА

Општина Аеродром превзема мерки и активности за зачувување и унапредување на животната средина, блоковско зеленило, одржување на City Tree, испитувања на бучава, поставување фотоволтаици, надзор, како и субвенции за граѓаните на општината за велосипеди и слично, со вкупни средства во износ од 13.950.000 денари.

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Во рамки на Буџетот на Општина Аеродром, за делот на заштита и спасување се планираат средства во вкупен износ од 420.000 денари.

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Во рамки на Буџетот на Општина Аеродром, за делот на родова еднаквост се планираат средства во вкупен износ од 1.550.000 денари.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ СПОРЕД НАДЛЕЖНОСТИТЕ ВО РАМКИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2023 ГОДИНА

Финансирањето на активностите според надлежностите во Буџетот на Општина Аеродром за 2023 година е следен:

| | | |
|---|---|---|
| A | СОВЕТ НА ОПШТИНА | 27.680.000 |
| D | ГРАДОНАЧАЛНИК | 7.309.000 |
| E | ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | 138.487.000 |
| F | УРБАНИСТИЧКО ПЛАН. И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ | 129.835.000 |
| G | ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | 15.537.000 |
| J | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | 226.879.000 |
| K | КУЛТУРА | 4.810.000 |
| L | СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | 40.050.000 |
| V | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА | 368.282.000 |
| N | ОБРАЗОВАНИЕ | 539.696.000 |
| R | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА | 13.950.000 |
| Q | ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 420.000 |
| X | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 1.550.000 |
| | **Вкупно:** | **1.514.485.000** |

Во прилог е даден следниот графикон од којшто може да се анализираат вкупните планирани трошоци по соодветни надлежности:

